20232063614

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 56 ставот 1 точката 3, а во врска со членовите 68-а и 69 ставот 1 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/13, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021 и 60/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 23.8.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ПРИВАТНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ БОЛНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за Критериумите за склучување договори и начинот на плаќање на здравствените услуги на приватните здравствени установи кои вршат болничка здравствена заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 80/2021, 189/2022 и 239/2022) членот 6 се менува и гласи:

„Како општ критериум за определување на договорниот надоместок на здравствените установи се расположливите средства во Буџетот на Фондот, определени за здравствени услуги од болничка здравствена заштита.

Се утврдуваат следните критериуми за определување на договорниот надоместок на здравствените установи, во согласност со дејноста за која имаат склучено договор:

1. Остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствените услуги во првото, второто и третото тримесечје и проекцијата за четвртото тримесечје од претходната година во болничка здравствена заштита, по утврдени цени на здравствени услуги и утврдени референтни цени;

2. Надоместокот за обезбедени здравствени услуги, во рамките на утврдените буџетски средства за таа намена, дополнително може да се усогласува и со зголемен обем, нови или изменети здравствени услуги по вид и обем за тековната во однос на претходната година, според потребите на населението;

3. Медицинската опрема со која располага секоја здравствена установа;

4. Обемот на извршени здравствени услуги над договорниот надоместок, прикажани во извештај, кој не бил предмет на плаќање во претходната година;

5. Придржување кон прифатениот план за вид и обем од претходната година.

6. Во рамките на вкупноутврдениот договорен надоместок на здравствената установа може да се утврди условен надоместок.

7. Надоместокот за обезбедени здравствени услуги за време на вонредни услови, кризни состојби, епидемии и пандемии на заразни болести се утврдува зависно од расположливите средства на Фондот и приоритетите за обезбедување здравствени услуги.“

8. Надоместокот за вршење на здравствените услуги по дејности за секоја деловна година се утврдува со одлука на Управниот одбор на Фондот, врз основа на планираните средства за соодветната дејност, поединечно определени во Планот и програмата за здравствени услуги и Буџетот на Фондот. Во надоместокот не е пресметано учеството на осигурените лица во здравствената услуга (партиципацијата) кое е приход на здравствената установа.

При утврдување на годишниот договорен надоместок на здравствените установи за наредната година, Фондот ги зема предвид реализираните здравствени услуги за прво, второ и трето тримесечје од претходната година и, врз основа на направената анализа, прави проекција за четвртото тримесечје.

Утврдениот надоместок се ревидира најдоцна до 31 јануари во тековната година согласно извршените анализи на реализацијата за цела претходна година, односно на сите фактурирани извршени здравствени услуги од јануари до декември во претходната година.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-15653/24
25 август 2023 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Bekim Pocesta,** с.р.